Република Северна Македонија
Општина Ѓорче Петров
Бр. 09- 1823/8
16.10. 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 4, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 37, 38, 39, и член 67 од Законот за користење и располагање со стварите на во државна сопственост и стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15,190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 275/19 и 122/21) и Одлуката за давање согласност за давање под закуп за деловен простор и друг деловен простор сопственост на општина Ѓорче Петров (Службен гласник бр.9/2016), Комисијата за спроведување на постапка за издавање под закуп на недвижни ствари сопственост на општина Ѓорче Петров, објавува

# ОБЈАВА БР. 02/2023

**1. Предмет на давање во закуп: Објект – зграда 1**

1.1. Предмет на електронско јавно надавање е давање во закуп на недвижна ствар сопственост на општина Ѓорче Петров.

**2. Податоци за просториите кои се даваат под закуп :**

2.1. Предмет на закуп се следните простории:

| ред. број | деловен простор | улица и број | Внатрешна површина | катастарска парцела ( КП ) со број на имотен лист | Банкарска гаранција депозит 2% износ | почетен износ на месечна закупнина |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Објект - зграда 1 | ул.„Ѓорче Петров" бр.73 | 375 м² | КП 9514/1 КО Ѓорче Петров 2-Мирче Ацев; бр. ИЛ 52470 | 281.854.5 | 70.479,00 |

**2.2 Периодот на издавање на објект – зграда 1 е за период од 10 години, со почеток од денот на потпишување на договорот.**

2.3. Објект – зграда 1 се издава под закуп со цел извршување на активности од јавен интерес за социјализација, интеграција и третман на лица со интелектуална попреченост.

Активностите вклучуваат: Инклузија и социјализација,образовни, здравствени логопедски,терапвтски,психијатриски, дефектолошки, дијагностички,употреба на практики, решавање на проблеми и основни животни вештини од страна на стручни лица ангажирани од закупецот.

**3. Право на учество:**

Право на учество на јавното наддавање имаат сите заинтересирани домашни и странски, физички и правни лица кои можат да се стекнат со право на сопственост на недвижни ствари на територијата на РСМ согласно со закон и кои ги исполнуваат условите дадени во објавата.

**4. Услови за учество на електронското јавно наддавање:**

Заинтересираните правни и физички лица поднесуваат Пријава за учество на јавното наддавање.

Пријавата за учество на јавното наддавање се поднесува електронски и треба да ги содржи сите податоци и докази кои се утврдени во објавата за јавно наддавање и тоа:

**4.1 Посебни услови**

**- Кадровски капацитети потребни за извршување на дејноста:**

Минимум 1 психолог, минимим 1 адолесцентен психолог, минимум 1 логопед, минимум 1 социјален работник, минимум 1 дефектолог

- Потребна опрема: апарат за ЕЕГ или мозочно мапирање, апарат за неурофидбек метода
- да не е во стечајна или ликцидациона постапка
- да нема блокирана сметка
- услугите кои ги дава закупецот да бидат во согласност со точка 2.3

**4.2 Доказ за посебни услови**

- договор за ангажиран персонал
- изјава за поседување на опрема
- сертифицирано лице минимум 1 за управување со опремата во прилог (лицинца/сертификат)

**4.3. Доказ за идентитет :**

- Лична карта за физички лица;
- Потврда за стечајна постапка
- Потврда за ликвидациона постапка

- Потврда за регистрирана дејност
- Статут на правното лице
- Тековна состојба од Централен регистар на Република Северна Македонија (за домашни правни лица);
- Извод од регистрација од соодветен регистар во државата од која доаѓа (за странски правни лица);
- Последен извод од банка

4.4. Е-маил адреса на подносителот на пријавата, преку која ќе се врши постапка на регистрирање за учество на електронското јавно наддавање, односно ќе му бидат испратени корисничкото име и шифра за пристап на интернет страницата на која што ќе се одвива електронското јавно наддавање.

4.5. Изјава со која што ги прифаќаат условите што се дадени во објавата.

4.6. Банкарска гаранција за сериозност во висина од 2% од проценетата вредност на недвижната ствар, за учество на јавното наддавање. Покрај електронски, банкарската гаранција за сериозност треба во оригинал во писмена форма да се достави и до Комисијата за издавање под закуп на недвижни ствари на Општина Ѓорче Петров на денот кога се доставува комплетната документација.

За да може да поднесе пријава за учество заедно со доказите утврдени со објавата, секое физичко и правно лице треба претходно да се регистрира на страната http://www.e-stvari.мк.

Доколку понудувачот веќе учествувал во постапките по претходни објави и електронски јавни наддавања спроведени преку системот http://www.e-stvari.mk, за него важат претходно автоматски доделените корисничко име и лозинка, доделени заради негово учество во претходните постапки.

Доказите кои е потребно да се достават врз основа на објавата, регистрираното лице е должно да ги прикачи во системот во скенирана копија во PDF формат.

На подносителите на пријавите кои се комплетни им се доставува корисничко име и шифра за учество на јавното наддавање, а на подносителите на пријавите кои не доставиле комплетна документација им се доставува известување со образложение дека нема да учествуваат на јавното наддавање.

**5. Рок и начин на поднесување:**

Пријавите за учество на Јавното надавање потребно е да се достават во рок од 10 дена од денот на објавување на Објавата, односно почнувајќи 16.10.2023 до 26.10.2023 година.

Пријавите за учество на Јавното надавање се поднесуваат електронски.

**6. Датум и време на започнување и времетраење на издавањето:**

Јавното надаавање ќе се изврши на ден **30.10.2023 година (понеделник) со почеток од 10:00 часот.**

Јавното надавање ќе се одржи електронски на следната интернет страница http: //www. e-stvari.mk.

**7. Почетна цена**

Вкупната почетна цена на закупнината на електронското јавно наддавање за недвижноста која е предмет на закуп е утврдена во табеларниот преглед на оваа објава. Електронското јавно наддавање ќе се одржи доколку по објавата се пријавил и само еден учесник кој ги исполнува условите дадени во објавата и ја прифати почетната цена.

7.1 Закупопримачот на просторот може со писмена согласност од Општина Ѓорче Петоров да врши измени во просторот (преградување, поправки, преправки, и други инвестициони работи), а Општината Ѓорче Петров да му одбие дел од закупнината која корисникот ја плаќа за користење на просторот

**8. Банкарска гаранција за сериозност на понудата**

8.1. Банкарската гаранција за сериозност на понудата за учество на електронското јавно наддавање за надвижноста предмет на закуп изнесува 2% од проценетата вредност на недвижната ствар и износот е утврден во табеларниот преглед даден во оваа објава.

8.2. Банкарската гаранција треба да има рок на важност најмалку 60 дена од денот на одржувањето на електронското јавно наддавање. Секоја пријава што не содржи гаранција за сериозност на понудата или содржи гаранција за сериозност на понудата која не е во согласност со условите во објавата, ќе биде отфрлена и нема да учествува на електронското јавно наддавање.

8.3. Банкарската гаранција за сериозност на понудата за учество на јавното наддавање се враќа на подносителот на пријавата во рок од 15 дена од денот на одржувањето на јавното наддавање, а банкарската гаранција на најповолниот понудувач му се враќа во рок од 15 дена од денот на уплатата на вкупната цена постигната на јавното наддавање.

**9. Постапка:**

9.1. Јавното наддавање започнува со објавување на вкупната почетна цена на месечната закупнина и се спроведува по пат на наддавање од страна на учесниците.

9.2. Јавното наддавање ќе се одржи доколку по објавата се пријавил и само еден учесник кој ги исполнува условите дадени во објавата и ја прифати почетната цена.

9.3. Во првите пет минути од јавното наддавање учесниците можат да ја прифатат, односно зголемуваат цената на месечната закупнина. Јавното наддавање се смета за завршено во моментот на истекот на времето определено во објавата, при што доколку во истекот на последните две минути од определеното време за траење на јавното наддавање од страна на учесниците е дадена понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути, а ќе заврши кога за период од следните две минути нема нова дадена понуда Јавното наддавање продолжува неограничено се додека во временски интервал од две минути има нова понуда.

9.4. Доколку во првите пет минути од јавното наддавање не е прифатена понудата, односно не е дадена повисока понуда од учесникот на јавното наддавање, вредноста на недвижната ствар се намалува за 2% од проценетата вредност по што учесниците на јавното наддавање повторно ќе имаат можност да ја прифатат односно зголемуваат цената на месечната закупнина без притоа да се ограничува минималниот чекор на зголемување. Доколку во истекот на последните две минути од вторите пет минути од јавното наддавање од страна на учесниците е прифатена понудата, односно дадена е повисока понуда, крајниот рок за завршување на јавното наддавање се продолжува за уште две минути, а ќе заврши кога за период од следните две минути нема дадено нова понуда.

9.5. Доколку во времетраење од 5 минути повторно нема понуда, вредноста на недвижната ствар повторно се намалува за 2% од првичната проценета вредност.Намалувањето на вредноста на недвижната ствар во текот на наддавањето може да биде најмногу до 30% од проценетата вредност без разлика колку понудувачи се јавиле на јавното наддавање.

9.6. За најповолен понудувач се смета учесникот на јавното наддавање кој понудил последна цена која претставува највисока цена за месечната закупнина.

9.7. Комисијата по завршувањето на јавното наддавање изготвува записник за спроведеното јавно наддавање кој се доставува до сите учесници на јавното наддавање.

9.8. Најповолниот понудувач во рок од 15 дена од денот на завршувањето на јавното наддавање е должен да ги уплати средствата согласно постигнатата крајна цена за закуп на објект – зграда 1 и во рок од 15 работни дена по извршената уплата, се склучува Договор за закуп на објектот, а доколку не ги уплати во овој рок нема да се пристапи кон склучување на договор, банкарската гаранција ќе биде активирана, а понудувачот во период од една година нема да може да учествува на секое идно јавно наддавање за предметната недвижна ствар.

9.9. На договорот за закуп на објект – зграда 1 соодветно се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи.

9.10. Учесниците имаат право на Приговор само по однос на постапката за јавно наддавање, во рок од три дена од одржувањето на јавното наддавање до Комисијата која одлучува по приговорот со решение, во рок од пет дена од приемот на приговорот.

9.11. Против решението донесено од комисијата со кое се одлучува по поднесен приговор може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

9.12.Трошоците за солемнизација на договорот за закуп на објектот паѓаат на товар на закупувачот на недвижната ствар.

Оваа објава ќе биде објавена и на веб страницата на општина Ѓорче Петров, www.opstinageptrov.gov.mk.

Број 09-1823/8
Од 16.10.2023 година
Скопје

Комисија за спроведување на постапка за издавање под закуп на недвижни ствари